РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12 - 983/2
02.06 г./v. 2020

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава за корупција од група подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата на 30 -та седница, на продолжението одржано на ден 21 Мај 2020 година, донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-1535/1 од 16.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од група подносители – физички лица, а со која се изразуваат сомневања и незадоволство од постапувањето на службените лица од Секторот ---------------------при ------------------ поврзано со одредување на висината на надоместот -------------------------- во постапката/ите за ---------------------------------------- , СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-1535 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-1535/1 од 16.03.2019 година.

Предметот со број 12-1535 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителите на пријавата – преку определеното лице за контакт и достава на писмена.

Образложение

Предметот со број 12-1535 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-1535/1 од 16.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од група подносители – физички лица со определено лице за контакт и достава на писмена. Пријавата содржи наводи со кои се изразуваат сомневања и незадоволство од постапувањето на службените лица од Секторот ----------------------------- при ------------------------ поврзано со одредување на висината на надоместот -------------------------- во постапката/ите за ----------------------------------.

Подносителите на пријавата, дополнително доставиле до ДКСК и втора пријава, бр. 12-2053/1 од 28.03.2019 година, врз основа на која е оформен предмет со бр. 12-2053 од 2019 година при што од списите приложени кон пријавата се заклучува дека се работи за споредба и нездоволство од начинот на законското уредување на ------------------------од една страна, и граѓаните ----------------------------------------------, од друга страна.

Од причини што се работи за предмети оформени по два, одделно доставени, поднесоци од исти подносители и кои се однесуваат на ист пријавен случај Државната комисија постапи и одлучуваше по двата наведени предмети во единствена постапка во предметот со број 12-1535 од 2019 година.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителите, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност. Имено, заради целосно утврдување на фактичката состојба во предметниот пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци, информации и документација од ----------------------- - Сектор --------------------------------.

Последователно, Државната комисија ја ценеше содржината на доставениот писмен одговор, со придружна документација, од --------------------, со образложение и појаснување дека постапката за одредување на висината на надоместокот -------------------- се спроведува согласно позитивните законски прописи, Програмата ------------------ и Правилникот ------------------ со напомена дека сметано од влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на ---------------------------------------------- се применува законската одредба од ----------------------- според која "-------------------------------------------------------------"

Врз основа на сите околности на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција – злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг преку коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или други кои вршат работи од јавен интерес, па оттаму и дека нема елементи за нејзино надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за за спречување корупцијата и судирот на интереси.

**Од аспект на изразеното незадоволство на подносителите на пријавата/ите од начинот на законското уредување на предметната материја/проблематика, вклучително и на пресметувањето на надоместок ------------------------------------ Државната комисија цени дека се работи за системско прашање по однос на кое Државната комисија за спречување на корупцијата на соодветен начин ќе иницира измена на постојното законско решение.**

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 21 Мај 2020 година под бр. 12- 983/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

Изработил Христина Мишевска, Советник
Одобрил Горан Трпеноски, член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk